**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 8 - 2 326 Пехчево тел./факс +389(0)33/441-321**
Е-пошта:opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина( ,,Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/2013), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ изменување и дополнувањена ДУП за дел од Пехчево, дел од блок 1, дел од блок 2, блом 4 и блок 5 – општина Пехчево кој го денесува Совет на општина Пехчево, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена за влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ изменување и дополнување на ДУП за дел од Пехчево дел од блок 1, дел од блок 2, блом 4 и блок 5 – општина Пехчево се определуваат следните: Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Пехчево.
3. За планскиот документ изменување и дополнување на ДУП за дел од Пехчево дел од блок 1, дел од блок 2, блом 4 и блок 5 – општина Пехчево, за чија изработка е одговорено позитивно, а го донесува Советот на општина Пехчево, донесувањето на планскиот документ изменување и дополнување на ДУП за дел од Пехчево – општина Пехчево ќе нема влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот од стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на отпад и влијание врз амбиентот воздух.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Пехчево на следната веб адреса/и: www.pehcevo.gov.mk
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-825/7
18.10..2013 год.
Пехчево

Градоначалник ,
Игор Поповски
_______________